ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ
СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0203-442
12.09.2023 год.
СКОПЈЕ

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА

## НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, Септември 2023 година

Врз основа на член 26 став 1 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Надзорниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, на четвртата седница одржана на 12.09.2023 година, донесе:

## Д Е Л О В Н И К З А Р А Б О Т А

## НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Деловникот за работа на Надзорниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (во натамошниот текст: Деловникот), се уредува начинот и постапката на работа и одлучување на Надзорниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, а особено: свикување и подготовка на седниците, текот на работењето, одложувањето и прекинот и заклучувањето на седницата, начин и постапката на донесување на актите, видови акти кои се донесуваат, водење и изготвување на записници од одржаните седници; права и должности на членовите на Надзорниот одбор и други прашања од значење за работата на Надзорниор одбор.

Член 2

(1) Одредбите од овој Деловник на Надзорниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (во натамошниот текст: Надзорен одбор) се задолжителни за сите членови на Надзорниот одбор.

(2) За правилна примена на Деловникот се грижи Претседателот на Надзорниор одбор.

### II. КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 3

(1) Првата седница на Надзорниот одбор ја свикува Претседателот на Институтот.

(2) Првата седница се одржува најдоцна 30 дена од денот на изборот на членовите на Надзорниот одбор.

(3) Првата седница може да се одржи ако се избрани и на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Надзорниот одбор.

(4) Со конституирањето на Надзорниот одбор, секој нејзин член се стекнува со права и должности утврдени со Законот и Деловникот.

## III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 4

(1) Член на Надзорниот одбор има право и должност да присуствува и да учествува на седниците на Надзорниот одбор, истото вклучува право да предлага одржување на седници, учество во дискусиите по поединечни точки од дневниот ред, гласање на седниците по точките на дневниот ред.

(2) Член на Надзорниор одбор има право и должност да биде информиран за прашањата кои се однесуваат за работата на Надзорниот одбор.

(3) Член на Надзорниор одбор има право и должност да присуствуваат на секоја седница на Надзорниот одбор, односно можат да изостанат само од оправдани причини (болест,службен пат и сл.) за што се должни навремено да ги известат стручните служби на Институтот.

(4) Член на Надзорниор одбор има право и должност да се придржуваат на редот на седниците.

## IV. ПОДГОТОВКА И СВИКУВАЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 5

(1) Седниците на Надзорниот одбор ги свикува претседателот на Надзорниот одбор, во писмена, електронска или друга форма предвидена со Деловникот, најмалку 3 дена пред одржување на истата, а во итни случаи и во рок од еден ден без писмена покана, со известување преку телефон или електронска пошта.

(2) Претседателот на Надзорниот одбор може да свика седница и по писмено барање поднесено од член на Надзорниот одбор (доставено во архивата на Институтот на сметководители и овластени сметководители).

(3) Претседателот на Надзорниот одбор е должен без одлагање да свика седница на Надзорниот одбор по писмено барање поднесено од тројца членови

на Надзорниот одбор (доставено во архивата на Институтот на сметководители и овластени сметководители).

(4) Во определени случаи, поради итност на предмет или одлука, односно при непостоење на услови за одржување седница, Надзорниот одбор може да работи и да одлучува без свикување на седница, по пат на поединечно изјаснување во писмена форма, телефонско јавување, аудио визуелно форма или со користење на интернет комуникација и софтверски алатки за изјаснување на неговите членови, при што до сите членови на Надзорниот одбор претходно се доставува материјал за одлучување.

(5) Работењето и одлучувањето на Надзорниот одбор, на еден од предвидените начини од став (4) на овој член, се смета за одржување на редовна седница на Надзорниот одбор и за истото се составува записник.

(6) Надзорниот одбор може да одржува и електронски седници, доколку за тоа поединечно се изјасниле мнозинството од членовите на Надзорниот одбор, при што материјалот до членовите се доставува во електронска форма, преку посебен систем за електронско одржување на седници.

Член 6

(1) При свикувањето на седница, до членовите на Надзорниот одбор се доставуваат: предлог на дневен ред, записник од претходната седница и материјали кои се предложени да бидат разгледани на седницата односно по кои одлучува Надзорниот одбор .

(2) При изготвување на дневниот ред, Претседателот е должен да ги внесе само оние предлози кои според Статутот и другите акти на Институтот се во надлежност на Надзорниот одбор.

(3) Доставените материјали до членовите на Надзорниот одбор од став (1) на овој член претставуваат деловна тајна, се до моментот на нивното објавување согласно со Законот и овој Деловник.

Член 7

Во случај на доставување материјали за седница на Надзорниот одбор со повисок степен на доверливост, истото се назначува во предложениот дневен ред и на самите документи.

Член 8

За предложените точки од дневниот ред се подготвуваат соодветни извештаи, информации, предлог-акти и др. од страна на вработените во Стручната служба на

Институтот или лица назначени од Претседателот на Надзорниот одбор или други определени лица што помагаат при разгледувањето и даваат мислење по конкретната точка од дневниот ред.

Член 9

Членот на Надзорниот одбор кој е спречен да присуствува на седницата на Надзорниот одбор, е должен да го најави своето отсуство најдоцна еден ден пред денот на одржување на седницата, а во итни случаи најдоцна 3 часа пред почетокот на седницата до Претседателот на Надзорниот одбор .

## V. СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 10

(1) Со работата на Надзорниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (во натамошниот текст: Надзорен одбор) раководи Претседателот на Надзорниот одбор.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на Претседателот на Надзорниот одбор, за време на неговото отсуство или спреченост го заменува член на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Надзорниот одбор.

Член 11

(1) За работите од својата надлежност утврдени со Законот за вршење на сметководствени работи (во натамошниот текст: Законот) и Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители (во натамошниот текст:Статут), Надзорниот одбор работи и одлучува на затворени за јавноста седници.

(2) Седници на Надзорниот одбор се одржуваат по потреба, а задолжително најмалку еднаш во квартално.

Член 12

(1) Со седница на Надзорниот одбор раководи Претседателот на Надзорниот одбор.

(2) Надзорниот одбор може да донесува одлуки од негова надлежност доколку на седницата на Надзорниот одбор се присутни мнозинство од вкупниот број членови на Надзорниот одбор, односно тројца членови (кворум за работа).

Член 13

(1) Пред почетокот на седницата Претседателот утврдува дали на седницата присуствуваат потребниот број на членови за да може Надзорниот одбор да работи и полноважно да одлучува.

(2) Пред почетокот на седница, Претседателот е должен да ги извести членовите на Надзорниот одбор за најавено отсуство на член на Надзорниот одбор.

(3) Доколку се утврди дека не присуствуваат доволен број членови за работа и одлучување на Надзорниот одбор, седницата се одложува, при што Претседателот на Надзорниот одбор односно членот кој го заменува на присутните им го соопштува датумот на одржување на новата седница, а на отсутните членови им доставува покани.

(4) По исклучок од став 3 на овој член, доколку се утврди дека не присуствуваат доволен број членови за работа и одлучување на Надзорниот одбор, присутните членови на Надзорниот одбор можат да расправаат и дискутираат по точките кои се предложени за одлучување, без притоа да се носат одлуки.

(5) Доколку се утврди дека присуствуваат доволен број членови за работа и одлучување на Надзорниот одбор, истото се констатира и се преминува на утврдување на дневниот ред.

Член 14

(1) На седница на Надзорниот одбор покрај Претседателот и членовите на Надзорниот одбор, по потреба присуствуваат претставници од другите органи на Институтот, вработени во Стручната служба на Институтот, како и ангажирани соработници од страна на Надзорниот одбор или Институтот, за што одлучува Претседателот на Надзорниот одбор .

(2) За одредени точки од дневниот ред, на седницата може да бидат присутни и претставници на државни органи и институции, претставници на органите или комисиите на Институтот или лица инволвирани во конкретни предмети или експерти од определени области, за што одлучува Надзорниот одбор.

(3) Повикувањето на лицата од став (2) на овој член, се прави со писмена покана од страна на Претседателот на Надзорниот одбор односно членот кој го заменува. Доколку се разговара за прашања од доверлив карактер, во поканата при повикувањето на лицата од став (2) на овој член им се укажува на тоа на повиканите лица.

(4) Писмената покана содржи: време, место на одржување на седница на Надзорниот одбор и причината заради која лицата се поканети да присуствуваат на седницата.

(5) Лицата од став (2) на овој член ја напуштаат седницата на Надзорниот одбор пред да отпочне гласањето по одредена точка за која биле повикани.

Член 15

(1) Пред почетокот на седницата при утврдување на дневниот ред Претседателот на Надзорниот одбор ги информира останатите членови за прашања кои се од значење за работата и одлучувањето на Надзорниот одбор, при што го предлага и дневниот ред за седницата.

(2) Претседателот или член на Надзорниот одбор има право да предложи да се стави точка на дневен ред на седница на Надзорниот одбор или некоја од предложените точки да биде одложена од дневниот ред.

(3) За секој ваков предлог потребно е со гласање да се изјаснат мнозинството од присутните членови на Надзорниот одбор.

(4) При разгледување на точка од дневен ред, Надзорниот одбор го има предвид претходно поделениот материјал за седницата.

(5) Во исклучителни случаи може да се разгледуваат и материјали примени на самата седница, доколку за тоа се изјаснат мнозинството од присутните членовите на Надзорниот одбор.

Член 16

(1) Надзорниот одбор започнува со работа по усвојување на дневниот ред.

(2) Дневниот ред се смета за усвоен доколку за истиот гласале мнозинството од присутните членовите на Надзорниот одбор.

(3) По усвојување на предложениот дневен ред, се усвојува записникот од претходната седница кој се смета за усвоен доколку за истиот гласале мнозинството од присутните членовите на Надзорниот одбор.

(4) Пред отварањето на расправата по точките од дневниот ред, кратко воведно излагање, односно образложение по секоја точка има Претседателот на Надзорниот одбор.

(5) По завршување на излагањето од став 3, Претседателот отвара дискусија и ги повикува членовите и учесниците на седницата да се јават за збор, кои по секое поодделно прашање може да се јават за реплика.

(6) Излагањето во расправата на седницата мора да биде кратко и прецизно и да се однесува исклучиво на прашањата кои се расправаат на седницата, во спротивно претседателот може да одземе зборот.

(7) Членовите и учесниците на седницата се должни да ги чуваат како тајна информациите и документите кои ќе ги добијат на седницата, кои се класифицираат со одреден степен на тајност.

Член 17

(1) На почетокот на расправата по секое прашање од дневниот ред вработениот кој го обработувал предметот или претставникот на другите органи на Институтот, може на барање на член на Надзорниот одбор, да даде дополнителни образложенија односно појаснувања.

(2) Точките на дневниот ред на Надзорниот одбор се разгледуваат поединечно, сé додека има учесници во расправата по нив.

(3) Во рамките на расправата по секоја точка поединечно, со свои предлози, мислења, сугестии, покрај Претседателот и членовите на Надзорниот одбор, може да учествуваат претставниците од другите органи на Институтот, вработените во стручната служба и други ангажирани лица во работата на Надзорниот одбор кои се присутни на седницата, само доколку тоа биде побарано од истите.

(4) Во определени случаи, кога се присутни претставници на државни органи и институции, претставници на органите или комисиите на Институтот, лица инволвирани во конкретни предмети или експерти од определени области, и тие можат директно да учествуваат во расправата по точка од дневен ред поради која се присутни, само доколку тоа биде побарано од нив.

Член 18

Поканетите лица кои присуствуваат на седница на Надзорниот одбор, не можат да имаат увид во документите од дневниот ред без согласност од мнозинството членови на Надзорниот одбор, а во никој случај во интерните извештаи на членовите на Управниот или Надзорниот одбор и вработените во стручната служба, како и предлозите содржани во нив.

Член 19

(1) Доколку во текот на одржувањето на седницата мнозинство потребно за работа и одлучување на Надзорниот одбор падне под потребниот број или поради вонредни околности е оневозможено нејзино понатамошно одржување, истата се прекинува.

(2) Под вонредни околности во смисла на став 1 од овој член се подразбираат следните ситуации:

- Доколку поради обемноста на дневниот ред седницата неможе да се заврши истиот ден;

-Доколку дојде до потешко нарушување на редот и седницата, а Претседателот не е во можност да воспостави ред;

- поради одмор на учесниците на седницата, но не подолго од два часа;

- и во други случаи.

(3) Одржување на прекината седница, се смета за продолжение на претходно започнатата седница.

(4) За повреда на редот на седницата, Претседателот на присутните може да им се изрече една од следните мерки:

- опомена;

- одземање на зборот;

- отстранување од седницата.

(5) Изречените мерки се внесуваат во записникот и се однесуваат само за седницата за кои се изречени.

Член 20

(1) Освен по предлозите дадени при поделбата на материјалот за седница на Надзорниот одбор, на седница на Надзорниот одбор се разгледуваат и се гласа и за предлози дадени од членовите на Надзорниот одбор кои ќе произлезат на самата седница.

(2) Претседателот ги утврдува дополнителните предлози за постапување по определена точка од дневен ред и истите ги става на гласање.

Член 21

Седниците на Надзорниот одбор се водат и евидентираат хронолошки редоследно во текот на секоја календарска година.

## VI.ОДЛУЧУВАЊЕ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Член 22

(1) Надзорниот одбор одлучува и донесуваат општи акти, подзаконски прописи за спроведување на законот, одлуки, заклучоци, мислења и препораки согласно надлежностите утврдени во Законот за вршење сметководствени работи и Статутот.

(2) Актите на Надзорниот одбор ги потпишува Претседателот.

(3) Претседателот на Надзорниот одбор може самостојно да одлучува за прашања од информативен-известувачки карактер кои не се разгледуваат на седница на Надзорниот одбор, самостојно да одлучува за се што не е опфатено во 25 од Статутот, како и да донесува интерни одлуки кои се од значење за непречено и тековно функционирање на Надзорниот одбор.

(4) За работите од став 3 на овој член за кој Претседателот самостојно одлучува, Претседателот е должен да даде известување до Надзорниот одбор на следната одржана седница.

Член 23

Надзорниот одбор може по потреба да ангажира надворешни соработници (консултанти) заради проучување и разгледување на одредени прашања, подготовка на материјали, како и за извршување одредени задачи за потребите на Надзорниот одбор.

Член 24

(1)По завршување(заклучување на расправата за секоја точка од дневниот ред, односно кога веќе нема учесници во расправата, Претседателот ја заклучува расправата и ги повикува членовите да се изјаснат по предлогот, односно доколку постојат повеќе предлози, да се изјаснат по секој предлог поединечно.

(2) Во случај од член 14 од овој Деловник, Претседателот може да даде предлог и да се побара да се премине кон гласање по точка од дневен ред откако лицата наведени во член 14 став (2) ја напуштиле седницата на Надзорниот одбор.

Член 25

(1) Претседателот и членовите на Надзорниот одбор изјаснувањето по предлог по одделна точка го вршат со гласање и тоа: со кревање рака или со поединечно изјаснување, односно преку системот за електронска седница, во случаите кога се водат електронски седници.

(2) При поединечно изјаснување, Претседателот или членот кој го заменува ги повикува членовите на Надзорниот одбор да се изјаснат кој е "за", а кој е "против" предлогот.

(4) Одлуките на Надзорниот одбор се сметаат за донесени доколку за истите гласало мнозинството од присутните членови на седницата. Во случај на поделба на гласовите (2:2), гласот на Претседателот или претседавачот е одлучувачки.

(5) Членовите на Надзорниот одбор неможе да се воздржат од гласање.

***Посебни начини на одлучување***

Писмено гласање

Член 26

(1) За определени прашања, Претседателот на Надзорниот одбор, може да одлучи Надзорниот одбор да донесе полноважна одлука со поединечно писмено гласање од страна на секој член на Надзорниот одбор.

(2) Врз основа на претходно доставен материјал, секој член од Надзорниот одбор во определен период е должен писмено да се произнесе за определено прашање за кое се спроведува писменото гласање.

Член 27

(1) Одлука на Надзорниот одбор по пат на писмено гласање е донесена, доколку истата е изгласана со мнозинство од членовите на Надзорниот одбор.

(2) Писменото изјаснување од став (1) на овој член може да биде извршено со директно доставување во седиштето на Институтот, по факс или по електронски пат.

Телефонско гласање

Член 28

(1) Во определени случаи Надзорниот одбор може полноважно да одлучува и преку телефонско гласање за што Надзорниот одбор треба да располага со потребната техничка опрема.

(2) За гласањето на Надзорниот одбор на овој начин, задолжително треба да постои соодветен запис, кој ќе биде потврден од секој член на Надзорниот одбор по пат на емаил комуникација непосредно по завршување на комуникацијата.

Аудио Визуелно - “ONLINE”

Член 29

(1) Во определен случај Надзорниот одбор може полноважно да одлучува и преку конференциска телефонска или аудио-визуелна врска за комуникација преку интернет - “ONLINE” (софтверски алатки како Zoom, Viber Cisco, Google Meet и др.).

(2) За гласањето на Надзорниот одбор на овие начини, задолжително треба да постои соодветен запис кој ќе биде потврден од секој член на Надзорниот одбор по пат на емаил комуникација непосредно по завршување на комуникацијата.

Член 30

(1) Во случај членовите на Надзорниот одбор да не можат да се изјаснат за определена одлука само на еден од предвидените начини согласно овој Деловник, може да се изврши комбинација на начинот на изјаснување при што Претседателот на Надзорниот одбор е должен да ги предупреди за начинот на кој до тој момент гласале другите членови на Надзорниот одбор.

(2) За гласањето на членовите на Надзорниот одбор на овој начин, задолжително треба да постои соодветен запис кој ќе биде потврден од секој член на Надзорниот одбор по пат на емаил комуникација непосредно по завршување на комуникацијата.

Член 31

Во случај кога до определениот период не се произнесат потребен број на членови на Надзорниот одбор, прашањето кое било предмет на писмено гласање, телефонско или аудио-визуелно -- “ONLINE” гласање, се разгледува и за него се одлучува на следната седница на Надзорниот одбор.

## VII.ВОДЕЊЕ ЗАПИСНИК

Член 32

(1) За текот на седницата на Надзорниот одбор се води записник.

(2) Доколку Надзорниот одбор одлучи и постојат технички можности во Управниот одбор, за текот на седницата можат да се водат стенографски забелешки, односно да се направи аудио-визуелно снимање на самата седница и забелешките/снимањето се составен дел на записникот.

(3) Работењето и одлучувањето на Надзорниот одбор на еден од предвидените начини од членовите 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 на овој Деловник се смета за одржување на редовна седница на Надзорен одбор и за истото се составува записник.

(4) За секоја седница на Надзорниот одбор се води записник кој го води записничарот.

Член 33

(1) Записникот го води вработен во стручната служба или ангажирано лице од страна на Претседателот кој е присутен на седница на Надзорниот одбор, определен како записничар од страна на Надзорниот одбор, а во определени случаи и член на Надзорниот одбор.

(2) Во записникот се содржани основните податоци за работата на седница на Надзорниот одбор по секоја точка од дневниот ред, а посебно:

- ознака за бројот на седницата;

- место, ден и време на одржување на седницата;

- час на започнување на седницата;

- име и презиме и број на присутни членови и лица, име презиме и број на отсутни членови и причини за отсуство (на цела или на дел на седницата), ;

- дневен ред на седницата и промените настанати во предложениот дневен ред;

- тек на работата на седницата, учесниците во дискусијата, прашањата за кои се дискутира и кратка содржина на нивните излагања;

- одлуки, решенија, заклучоци, мислења и предлози донесени по одделни точки од дневниот ред како и за тоа дали одлуката е донесена едногласно или со мнозинство гласови при што се наведува бројот на гласовите;

- час на завршување на седницата;

- потписи на Претседателот на Надзорниот одбор и записничарот.

(3) Покрај одредбите од став (2) на овој член, записникот содржи и други податоци за кои членовите на Надзорниот одбор сметаат дека треба да бидат внесени во соодветниот записник од одржаната седница.

Член 34

(1) Записникот се доставува до членовите на Надзорниот одбор со покана и предлог дневен ред за наредна седница на Надзорниот одбор.

(2) При усвојување на записникот секој член на Надзорниот одбор има право да даде забелешки на записникот во писмена или усна форма.

(3) Врз основа на забелешките кои Надзорниот одбор ќе ги прифати со мнозинство гласови, се прави исправка на записникот и истите се наведуваат во записникот од седницата на кој истиот е ставен за гласање, односно усвојување.

Член 35

(1) По усвојување на записникот, истиот го потпишува лицето, односно лицата кои го воделе и Претседателот на Надзорниот одбор.

(2) Претседателот на Надзорниот одбор кој ја водел седницата ја парафира секоја страница од записникот.

(3) Записникот од став (1) на овој член заедно со внесените забелешки, може да се достави заради информирање, до членовите на Надзорниот одбор на првата наредна седница на Надзорниот одбор.

## VII.ОБЈАВУВАЊЕ

Член 36

(1) Одлуките донесени на Надзорниот одбор се објавуваат на веб-страницата на Институтот во рок од 48 часа од денот на нивното донесување.

(2) Актите донесени од страна на Надзорниот одбор, кои произлегуваат од неговите законски надлежности, се објавуваат на веб страницата на Институтот.

Член 37

Надзорниот одбор заради информирање на квартално ниво до Советот поднесува извештај за своето работење во рок од 30 дена од истекот на кварталот.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

(1) Предлог за донесување или изменување на Деловникот на Надзорниот одбор може да поднесе секој член на Надзорниот одбор.

(2) Измените и дополнувањата на овој Деловник се вршат во иста постапка како и постапката за негово донесување.

Член 37

(1) Овој Деловник за работа на Надзорниот одбор влегува во сила со денот на донесувањето.

(2)Со примена на овој Деловник за работа на Надзорниот одбор, престанува да важи Деловникот за работа на Надзорниот одбор број 0201/39-1 од06.10.2016 година.

Член 38

Овој Деловник се објавува на веб страницата на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија.

Претседател на Надзорен одбор

на ИСОС

---------------------------------------------